**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Уп1 Бр. 08-18
Скопје 24.01.2019 г.

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18 и 248/18), согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), а во врска со Писмениот извешај за извршен програмски надзор бр.10-303/1 од 22.01.2019 година и Заклучокот бр.02-305/2 од 23.01.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 2-та седница одржана на 23.01.2019 година, донесе:

**РЕШЕНИЕ**
**за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување**

СЕ ЗАПИРА покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, бр.08-75 од 05.01.2015 година.

**Образложение**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по трет пат во една година констатираше прекршување на член 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18 и 248/18), согласно кој радиодифузерот е должен да спроведува најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата во текот на една недела, од страна на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-32/1 од 04.01.2019 година.

Со оглед на констатираното прекршување на член 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во согласност со член 83 став 1 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 82 став 1 алинеја 5 од истиот Закон, Директорот на Агенцијата до Советот, достави Предлог Уп1 бр.08-18 од 08.01.2019 година за покренување на постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, бр.08-75 од 05.01.2015 година.

На 1-та седница одржана на 10.01.2019 година, Советот на Агенцијата, согласно Заклучокот бр.02-39/2 од 10.01.2019 година го усвои Предлогот Уп1 бр.08-18 од 08.01.2019 година на Директорот на Агенцијата, за покренување на постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

По повод покренатата постапка за одземање на дозволата на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, а согласно член 82 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата на 10.01.2019 година, до радиодифузерот во писмена форма преку „Македонска пошта" Скопје, достави допис - Известување Уп1 бр.08-18 од 10.01.2019 година, со му беше укажано дека доколку не го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање на дозвола, ќе донесе Одлука за одземање на неговата дозвола за радио емитување, поради прекршување на член 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. До Агенцијата е доставена повратница од Македонска пошта дека Известувањето Уп1 бр.08-18 од 10.01.2019 година, било уредно примено од страна на радиодифузерот на 12.01.2019 година. Исто така, наведеното Известување беше доставено и во електронска форма на 10.01.2019 година на електронската адреса на радиодифузерот регистрирана како информација за контакт во Централниот регистар на Република Македонија и во регистарот на радиодифузери кој го води Агенцијата.

Во врска со напред наведеното, на 22-ри јануари 2019 година, од страна на Стручната служба на Агенцијата беше спроведен вонреден програмски надзор по службена должност на радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, емитуван во периодот од 14-ти до 20-ти јануари 2019 година, за што беше изготвен Писмен извештај за извршен програмски надзор бр.10-303/1 од 22.01.2019 година.

Со вонредниот програмски надзор реализиран по службена должност врз радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, емитуван во периодот од 14-ти до 20-ти јануари 2019 година, на регионално ниво, на подрачјето на град Скопје, не беше констатирано прекршување на членот 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Имено, еднонеделната анализа на вкупноемитуваната програма во седмицата од 14-ти до 20-ти јануари 2019 година, покажа дека Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје во рамките на својот радио програмски сервис, го усогласи емитувањето на програмата со програмскиот концепт за којшто му е издадена дозволата.

Според наодите од надзорот врз исполнувањето на програмскиот концепт, спроведен врз програмата емитувана во седмицата од 14-ти до 20-ти јануари 2019 година, а имајќи ги предвид критериумите за надзор на програмскиот концепт утврдени во Упатството за надзор на спроведувањето на програмскиот концепт, Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје во рамки на својот програмски сервис, во целост го исполнуваше програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата за радио емитување. Во дополнителниот рок даден од страна на Агенцијата, радиодифузерот го усогласи емитувањето на програмата со програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата бр.08-75 од 05.01.2015 година, односно емитувањето на програмата го усогласи со членот 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-303/1 од 22.01.2019 година, врз основа на член 20 став 1 алинеја 10[1] (согласно која директорот ги предлага одлуките од надлежност на Советот) и член 18 став 1 алинеја 22 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18 и 248/18), Директорот на Агенцијата, го достави до Советот, заедно со Предлог – решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, бр.08-75 од 05.01.2015 година.

На 23.01.2019 година се одржа првата јавна седница на Советот на Агенцијата, на која претставник на медиумот беше повикан да ги образложи и аргументира постапките и причините за постапувањето на медиумот, а во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, бр.08-75 од 05.01.2015 година, согласно Предлогот Уп1 бр.08-18 од 08.01.2019 година на Директорот на Агенцијата.

Следствено на сето погоре наведено, врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18 и 248/18), согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), а во врска со Писмениот извешај за извршен програмски надзор бр.10-303/1 од 22.01.2019 година и Заклучокот бр.02-305/2 од 23.01.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 2-та седница одржана на 23.01.2019 година, одлучи да ја запре покренатата постапка за одземање на дозволата и донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп1.